**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 јуни 2002 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам 109-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Златко Стојменов, Владо Сугаревски, и Васил Ефтимов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се, претседателот на РМ, г-дин Борис Трајковски, претседателот и члeновите на Владата на РМ.

Записниците од 53-та, 88-та, и 101 седница, Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците 53-та, 88-та и 101 седница се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се доенсе законот за дополнување на Законот за движење и престој на странци.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постпака на овој закон.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Пред усогласувањето со правилата на Светската трговска организација, наместо потребата од дополнување на Законот за движење и престој на странци, по однос на прашањата што се однесуваат на видовите и на визите на РМ, им ги издава на странците. Деловна виза интеркорпортирани трансфери се издаваат со рок на важење од три години, а по барање може да се продолжи најмалку за уште две години. Измената е во таа смисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно глаасле 52 пратеници,

Молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето не важи, бидејќи се присутни само 56 пратеници во салата.

Сето ова зборува дека не сме во комплетна позиција.

Ќе продолжиме во 14,00 часот, а дотогаш нека се обезбедат претставници на Владата и сите пратеници да бидат присутни.

Што е забелешката г-дине Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, сакам да реагирам во врска со исклучувањето на мобилните телефони. Ние како држава имаме 49 плус една златна акција, што значи државата е акционер во телеком, како мешовите претпријатие. Се раз бира, сите треба да ги подмират долговите за да може претпријатието да работи профитабилно. Меѓутоа, ме интересира зошто досега не се инвестирани 500-тините милиони германски марки како инвестиција од Телеком од страна на МАТАВ, што беше еден од условите тој да го добие тендерот.

Сакам да ми се даде одговор дека имам намера да покренам иницијатива, Собранието да ја преиспита одлуката за конценсијата на мобилниот оператор МОБИМАК. Да поднесеме тужба до надлежниот суд за раскинување на договорот со МАТАВ. Верувам дека за ова имам поддршка од сите пратнеици во Собранието.

Мислам, ќе се сложите сите дека со ова воедно и ги демантирав некои средства за јавно информирање дека Собранието на пратениците им плаќа мобилен, колку сакаат тие неограничено да ги употребуваат мобилните телефони. Ова е омаловажување од страна на тоа претпријатие, па затоа и реагирав на овој начин. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Ќе продолжиме во 15,00 часот.

( По паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,20 часот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам пратениците да седнат на своите места. Меѓувремено службите нека ги пребројат пратениците, во салата

присутни се 81 пратеник, но спорд тоа, според тоа фактичката состојба покажува дека прису ни се 55 пратеници, ги молам службите нека ги викнат пратениците кои се надвор од салата да влезат и да почнеме со работа.

Констатираме точен број на присутни пратеници.

Исполнети се условите за да почнеме со работа. Сега, присутни во салата се 63 пратеници.

Продолжуваме со работа.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се доенсе законот за дополнување на Законот за движење и престој на странците.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Се извинувам, секретарот ми сугерира дека тоа е веќе образложено од Ваша страна.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 49 пратеници, воздржани 5, 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за индустриска сопственост.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесуваше по итна постапка на овој закон.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Во изминатиот период РМ, ратификува неколку меѓународни договори од обласа на индустриската сопственост. Се потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација со ЕУ, а во тек е и процесот за пристапување кон Светската трговска организација. Сите овие активности ја наметнаа потребата од хармонизирање на легислативата од обласа на индустриската сопственост со принципите содржани во меѓународните договори.

Еден од договорите на Светската трговска организација е ДОГОВОР за трговските аспекти на правата од интелектуална сопственост односно индустриска сосптвеност како нејзин дел. Според принципите на Светската трговска организација секоја земја мора да ги задоволува минималните стандарди за обезбедување соодветна зашита на индустриската сопственос кои се содржани во тој договор. За остварување на овие обврски се предлага донесување на нов закон за индустриската сопственост, кој ќе биде во согласност со принципите на Светската трговска оргнаизација и ЕУ.. Па, заради тоа, согласно член 344 од Деловникот на Собранието на РМ, се предлага Законот да се донесе по итна постапка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 67 пратенииц, од кои 54 за, 7 воздржани, 6 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се доенсе Законот за надворешно трговско работење.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Со донесување на овој закон ќе се овозможи, исто така, усогласување со правилата на Светската трговска организација, според кои се олеснува либерализацијата на трговската размена, особено, либерализацијата на трговијата со земјите членки на Светската трговска организација.

Затоа, предлагаме согласно член 344 од Деловникот, овој закон да јбиде донесен по итна постапка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од кои 53 за, 8 воздржани, и 6 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Република Македонија пред влезот во Светската трговска организација е соочена со обврска за исполнување на барањето за изедначување на даночниот третман на домашните и увозни тутунски добра. Факт е дека изедначувањето на акцизата на домашните и увозните тутунски добра ќе значи, и помало динмочно оптоварување на увозните тутунски одбра, а следствено на тоа и намалување на нивната малопродажна цена, што може да доведе до намалување на побарувачката на домашните тутунски добра за сметка на увозните.

За да се одбегнат евентуалните негативни последици во домашната тутунска индустрија со радикално изедначување на акцизната давачка се предлага постепено намалување на истата се до нејзино изедначување во 2007 година и тоа за цигарите, а во 2005 година, за пурите, цигаро-листите и финосецканите тутуни за пушење. Со вака продолжената постапка односно со ваквото продолжено изздначување на акцизите на увозните тутунски добра со домашните, на домашната тутунска индустрија ќе и се овозможи транзиционен период, во кој преку преструктуирање и преземање на други мерки постепено да се подготви за амортизирање на конкурентнос та на увозените цитари. Од овие причини го предлагаме овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Дуљанов.

процедурално се јави г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Процедурално сакам да кажам дека Владата ни остави еден куп, се разбира, важни закони, и потреба од усвојување на такви закони сигурно има и од законот за индустриска сопственост, и од Законот за акредитација што после ке ни го предложат повторно по истиот член од Деловникот, законот за метрологија и за стандардизација и сл. Меѓутоа, навистина е срамота, иако сто пати имаме укажувано, постојано да се корис ти членот од Уставот и членто од Деловникот по скратена постапка да се доенсуваат така важни закони. Крајно е неодговорно од Владата која што нема никакви аргументи по итна постапка да бара да се донесуваат такви закони, за што имала време да ги предложи многу порано, а уште по неодговорно е од нас, од членовите на парламентот да прифаќаме такво понижување на парламентот, такво деградирање на парламентот со скратени постапаки да се донесуваат толку важни закони. Јас сакам да го изложам мојот протест по кој знае кој пат, бидејќи по којзнае кој пат реагирам дека итната нпостапка е предвидена со Уставот и со Деловникот само за исклучителни случаи . Исклучителниот случај, исклучокот е претворен во правило од Владата и претворен е во правило, за жал, од нашиот парламент Затоа, јас нема да гласам за ниту еден од овие закони по итна постапка, ако се расправа за нив. Не ја негирам потребата, се разбира, тоа се важни закони, мегутоа навистина нема смисла, милион седници има неза-вршени, постојано по иста постапка да се предлагаат такви закони.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Има збор г-динот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе.

мене ми е жал, што тука не е присутен г-динот претседател на Собранието кој ја свика седницата на Собранието, за да ни го објасни нам тука и на јавноста од какви причини е свикана оваа седница, од самиот факт што ние веќе имаме три седници кои сеуште не се завршени,а е свикана нова седница која уште не е започната и дополнително е свикана оваа седница од причини кои изгледа на никому тука не му се јасни, освен на ниво на шпекулации. Така, се стекнува впечаток дека сака да се придобие на време и да не се работи на суштинските закони кои треба да се основа за организирање и одржување на нови избори. Мислам дека треба претседателот на Собранието да објасни од кои причини така се постапува и со ова Собрание и со јавноста.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**:

Му благодарам на г-динот Мерсел Билали.

За збор се јави г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, јас уште кога претседателот на Собрнаието се јавивза процедурално, тој на излез рече, подоцна.

Меѓутоа, тој ја напушта собраниската сала и си замина. Сакам да напоменам дека не се без основа сите овие реагирања против претседателот на Собранието Стојан Андов.

Секако, тој не е дел од проблемот што Собранието не работи, што собраниските седници се одлагаат и на крајот се прават опструкции. Туку, сакам да потврдам дека тој не е дел од проблемот, туку проблемот е самиот Стојан Андов. Тој се изигрува некој си неотсонет сон својствен на начин како што тој може такви опструкции да прави. За оваа цел, јас демонстративно ја напуштав оваа седница на Собранието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Сејфедин Харуни.

За збор се пријави г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Г-дине потпретседателе, навистина, е чудно што 3 ипол години се занимаваме со одредени проблеми во државата и што тука веќе еве читам во дневниот ред дека денеска имаме расправа за 109-тата седница, а другите седници не се завршени уште од 2000-та година. Сметам дека навистина ова е несериозна работа.

**АСЛАН СЕЛМАНИ**: (продолжение)

Барам од вас лично и од г. претседател на Парламентот дека мораме да завршиме со седниците кои веќе биле закажани во ова Собрание, за да расправаме за битни проблеми во државата и врз таа основа да го заклучиме овој наш век како пратеници во ова Собрание. Дванаесет години се бориме тука за вистинските проблеми на граѓаните, а ние како Собрание не сме биле во состојба истите да ги решиме. Тогаш каква политика ќе водиме понатаму.

Барам апсолутно денеска на ова Собрание да донесеме заклучок, започнатите седници мора да се завршат и да донесеме конечни заклучоци за состојбите и проблемите кои мора оваа држава да ги реши во корист на граѓаните на оваа држава.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Аслан Селмани, меѓутоа, истовремено ги молам и другите пратеници, кога ќе бараат процедурално, нивната дискусија да се однесува околу процедурата, а не за други цели.

За збор се јави г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сакам да им дадам поддршка на сите пратеници, кои процедурално дискутираа. Воедно, да го поддржам г. Петар Гошев кој потполно е во право. До сега најчесто дискутираме за многу значајни и битни закони, кои се донесуваат по итна потапка. Затоа прашувам, кога еднаш на време ќе бидеме информирани, бидејќи за 109-тата седница не сме подготвени. Јас очекував дека почнавме да работиме по 104-тата седница, бидејќи таа е многу значајна, затоа што се работи за стечајните работници. Кога еднаш нивниот проблем ќе го решиме. Бегаме од вистината. Имаме многу значајни теми. Зошто вака постојано се работи, се минува од една седница на друга. Ние денеска не знаевме дека на дневен ред ќе биде 109та седница. Кога овој куп материјали ние можеме да го подготвиме. Ние самите се подготвуваме. Ако вас некој друг ви подготвува, ние самите се подготвуваме. Вака, не сме во можност да дадеме никаков придонес и затоа ќе бидеме воздржани како пратеничка група.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодрам на г. Вангел Симев.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 68 пратеници, од кои 49 за, се воздржале 3, 16 гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Заради усогласување на нашето законодавство, со правилата на Светската трговска организација, се наметна потребата од изменување и дополнување на овој закон, по однос на прашањата што се однесуваат за вршење на одредени стручни работи, за заштита и унапредување на животната средина и природата. Покрај домашните лица да

можат да ги вршат и странски лица кои се регистрирани за вршење на тие работи.

Од тие причини предлагаме да се донесе законот по итна постапка према членот 344 од Деловникот на Собранието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 64 пратеници, од кои 52 за, се воздржале 2, 10 гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**ПРЕСТАВНИК ОД ВЛАДАТА:**

Причини за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање се поради потребата од усогласување на прописите на РМ, со правилата на Светската трговска организација.

Имено, согласно правилата на Светската трговска организација, неопходно е да се создадат комерцијални услови за работа на странски правни лица и тоа подеднакви услови, како и за домашните правни и физички лица.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата. Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Господинот Димитар Бузлевски се јавува процедурално.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Се обраќам до последно именуваните. Би ве замолил, се разбира, за процедурално се јавив. Во понатамошните ваши објаснувања околу итноста за поставување на дневен ред на овие закони да не ја спомнувате Светската трговска организација, затоа што и на најнеупатените во оваа држава им е јасно дека овие закони кои ги предлагате вие, немаат никаква врска, со обврските на РМ, за зачленување во Светската трговска организација. Ние ги имаме меморандумите досегашни и протоколите и можеме да претпочитаме кои закони треба оваа држава да ги усогласи во еден иден период за исполнување од тој аспект на обврската за пристапување кон Светската трговска организација. А овие закони кои што вие ги предлагате, а кои што ги објаснувате со потребата и итноста ја образложувате со тоа за исполнување на обврската према Светската трговска организација, на некој начин не навредувате нас присутните, а ја бламирате и Светската трговска организација во тој поглед.

Затоа, во вид на процедурално јавување се јавувам и молам понатаму да ни се кажат правите аргументи за поставување и објаснување на итноста на овие закони, кои што ги предлага Владата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Димитар Бузлевски, меѓутоа, тоа е право на предлагачите, а ваше право е да реагирате.

Продолжуваме со работа.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 66 пратеници, од кои 53 за, се воздржале 3, 10 гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА:**

Потребата од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности е предодреден од повеќе причини. Една од најзначајните е усогласување на одредбите од законот со правилата на Светската трговска организација со која е неопходно да се обезбеди вршење на комуналните дејности подеднакви услови како за домашни, така и за странски лица.

Од досегашната примена на Законот за комунални дејности, надлежните органи во вршењето на надзор на законот оценија дека се неопходни одредени измени и

дополнувања во делот на дефинирањето на комуналните дејности.

Имено, потребно е како комунална дејност да се дефинира депонирањето на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи, отстранување на хаварисани возила и земјоделски машини, како и отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина во урбани средини, сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќани површини и складирање и чување на градежни материјали без издадено одобрени од надлежен орган.

Ова од причина што наведените работи се многу чести, а надлежните инспекциски органи немаат основа за постапување.

Исто така, причина за изменување на законот е потребата водоснабдувањето, одводувањето и прочистувањето на отпадните води, како комунални дејности да можат да се вршат со давање на дозвола за вршење на дејности.

Други причини за изменување и дополнување на законот се од техничка природа. Така во законот досега како надлежен државен орган за вршење на комунални работи е Министерството за урбанизам и градежништво, а за вршење инспекциски надзор Републичкиот комунален инспекторат. Со оглед на тоа дека со најновите измени на органите на државната управа, ова Министерство е укинато, а комуналните работи преминаа во надлежност на друг државен орган, неопходни се измени во овој дел од законот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи присутни се 58 пратеници.

Гласањето ќе важи, бидејќи присутни во салата се 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на РМ, предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Измените на Царинскиот закон се состојат пред се, во усогласување на измените на потеклото и тарифите, како и вредноста на стоките со одредбите на Светската трговска организација. Всушност, ова значи целосно превземање на овие одредби, се со цел да се усогласиме и со барањата кои произлегуваат од Договорот за асоцијација и стабилизација со ЕУ.

Од тие причини предлагаме да се стави на дневен ред овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Дуљанов.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, од кои 52 за, се воздржале 4, 7 гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Пратениците: Ненад Ристовски, Вангел Симев, Ѓорѓи Тодоров, предлагаат дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 61 пратеници, од кои 27 за, се воздржале 9, 25 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои Предлогот.

Процедурално се јави г. Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Господине потпретседателе се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за да има поединечно гласање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

По броењето имаме помалку од 10 пратеници, според тоа гласањето е полноважно.

Владата на РМ, предлага дневниот ред на оваа седница да Се дополни со Предлог на закон за стопански комори.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 56 пратеници. Значи немаме доволно кворум.

Службите нека ги пребројат пратениците.

Од броењето се констатира дека имаме 63 пратеника и гласањето е полноважно.

Владата на РМ, предлага на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на Закон за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам службите да ги пребројат пратениците.

Присутни во салата се 63 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен и претходното гласање е важечко.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на закон за задругите.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Ги молам пратениците кои навистина се присутни во салата да гласаат да не ги малтретираме службите постојано да ги бројат пратениците во салата, а тоа е нивна волја како ќе гласаат.

Според гласањето во салата имаме присутни 53 пратеници.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат пратениците, заради важноста на точката.

Според броењето присутни во салата се 61 пратеник. Според тоа гласањето важи.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност, со Предлог на закон.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници од кои 52 за, 3 воздржани и 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот на дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за производство и промет на вооружување и воена опрема, со Предлог на закон.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеници од кои 50 за, 4 воздржани и 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за безбедност на храната и предметите и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната.

Предлогот на овој закон Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Заради усогласување на нашето законодавство со правилата на што со која веќе сме во преговори за прием во членство, се налага потребата од донесување на овој закон заради подобрување на стандардите за здрава храна. Од таа причина донесување на закон по итна постапка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците бидејки според гласањето во салата имаме присутни 59 пратеници.

Присутни во салата имаме 62 пратеника, па според тоа гласањето е важечко.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Пратеникот Јордан Бошков предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за донесување на закон за ратификација на заклучоците и договорот за репрограмирање меѓу Владата на РМ и Јапонската банка за меѓународна соработка , со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи, меѓу РМ и Европската заедница, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлго за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Хрватска, за предавање и преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во Европскиот регион, со Предлог на закон.

Овие предлози се уврстени во дневните редови на 104-та, 106-та и 107-та седница на Собранието на Република Македонија.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Процедурално за збор се јави пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас тоа го давам во има на Комисијата за надворешна политика.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Јордан Бошков.

За збор се јави пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам, да проверите, согласно Деловникот дали Собранието може да додаде 20 точки на дневен ред со едно гласање. Напротив. Мислам дека за секој закон кој се става на дневен ред, во случајов г-динот Бошков бара дневниот ред да се дополни со околу 20 закони. Токму затоа ве молам да спроведете поединечно гласање , а не тоа да оди во пакет.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Службите ми сугерираат дека пратеникот, односно координаторот на СДСМ г-динот Никола Поповски е во право и ќе гласаме поединечно за секоја точка.

Одиме на поединечно гласање.

Предлог за донесување на закон предлог за донесување на закон за ратификација на заклучоците и договорот за репрограмирање меѓу Владата на РМ и Јапонската банка за меѓународна соработка , со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно глаеаа 64 пратеници од кои 51 за, 6 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието ја уврсти точката во дневниот ред.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи, меѓу РМ и Европската заедница, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници од кои 54 за, 3 воздржани и 5 против. Констатирам дека Собранието го усвои предлогот..

Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците во салата.

Вкупно во салата се присутни 63 пратеници и гласањето е важечко.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Ги молам службите, не по моја вина туку по вина на некои пратеници кои излегуваат од салата да се преброиме уште еднаш.

Присутни во салата се 61 пратеник и гласањето е важечко.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници од кои 61 за, 1 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Предлго за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Хрватска, за предавање и преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеници од кои 60 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Собранието гс14. предлогот.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во Европскиот регион, со Предлог на закон.

Предлогот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници од кои 60 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за дополнување на Законот за движење и престој на странци.
2. Предлог на закон за индустриската сопственост.
3. Предлог на закон за надворешно-трговско работење.
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи.
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.
7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности.
8. Предлог на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.
9. Предлог за донесување на закон за трговските друштва, со Предлог на закон.
10. Предлогот на закон за стопански комори.
11. Предлог на закон за задруги.
12. Предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност , со Предлог на закон.
13. Предлог за донесвување на закон за производство и промет на вооружување на војна опрема, со Предлог на закон.
14. Предлог на закон за безбедност на храната и предметите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.
15. Предлог на закон за стандардизација.
16. Предлог на закон за акредизација.
17. Предлог на закон за метереологија.
18. Предлог на закон за поштенски услуги.
19. Предлог на закон за пропишување на техничките барања за производите и оцена на сообразноста.
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, со Предлог на закон.
22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.
23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон.
24. Предлог за донесување на закон за финансиска полиција, со Предлог на закон.
25. Предлог за донесување на закон за правата и прогонуваните и затворените лица за идеите на самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.
26. Предлог за донесување на закон за Ратификација на договорот за спогодба за слободна трговија меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со Предлог на закон.
27. Предлог за донесување на закон за Ратификација на договорот за слободна

трговија меѓу Република Македонија и Република Албанија, со Предлог на закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**: (Продолжение)

Точка 28 - Предлог на завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Точка 29 - Барање за давање на автентично толкување на член 100 од Законот за локална самоуправа, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово.

Точка 30 - Барање за давање на автентично толкување на член 101 од Законот за Народна банка на Република Македонија, поднесено од гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

Точка 31 - Предлог за донесување на закон за ратификација на заклучоците и Договорот за репрограмирање меѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка, со Предлог на закон.

Точка 32 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската заедница, со Предлго на закон.

Точка 33 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош, со Предлог на закон.

Точка 34 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон.

Точка 35 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.

Точка 36 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и превземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон.

Точка 37 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во Европскиот регион , со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ЗАМИР ДИКА:**

Прво барам едно појаснување од службите. Кој е предлагач на Предлогот за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвараните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Јас имам овде еден текст, предлагач е Владата на Република Македонија. Прво сакам потврда, дали е предлагач Владата на Република Македонија?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлагач е Владата на Република Македонија.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас контактирав сега со министерот Бедредин Ибраими и заклучокот на Комисијата на Владата на Република Македонија е додека не стигне мислењето од Министерството за труд и социјална политика, законот не треба да се донесе. Моите информации се дека Владата на Република Македонија не требала да го достави бидејќи не е комплетирана процедурата внатре во Владата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Официјално од Владата стигнато е мислењето.

Ако вие имате конкретен предлог, да се симне ли точката од дневен ред?

**ЗАМИР ДИКА:**

Барам половина час пауза за да се консултирам со Пратеничката група.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пауза од половина час.

По паузата седницата продолжи во 17,15 часот.

Во салата се присутни 37 пратеници.

Очигледно дека немаме доволен број на пратеници, односно немаме кворум за да продолжиме со работа.

Седницата ја презакажувам за утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,20 часот).